**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

**УПI бр. 25-210**
**____ .12.2013 година**
**Скопје**

3? -12- 2013

Министерот за економија врз основа на член 56 став (1) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/08, 53/11, 123/12, 70/13 и 164/13) постапувајќи по барањето со УПI бр. 25-210 од 18.12.2013 година, поднесено од страна на Универзитетот „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје – МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ Скопје, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ТЕХНИЧКА СЛУЖБА**

1. **Се овластува** Универзитет „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје – МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ Скопје, во инспекциските места: „Машински факултет – Скопје", „ВЕЛКОМ ТРЕЈД" ДООЕЛ Кавадарци и „ПСС" ДОО Радовиш, да врши стручни и технички работи во постапка на:
**а) единечно одобрување на возило од категориите L, M, N, O, T, C, R и S;**
**б) одобрување на преправени и поправени возила;**
**в) одобрување на тип на возило – техничка служба од категорија А, Б и Д;**
**г) инспекција при утврдување на идентификациски ознаки на возила.**

2. **Се овластува** Универзитет „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје – МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ Скопје, во инспекциското место „АВТОКОНТРОЛ" ДООЕЛ Куманово, да врши стручни и технички работи во постапка на:
**а) единечно одобрување на возило од категориите L, M, N, O, T, C, R и S;**
**б) инспекција при утврдување на идентификациски ознаки на возила.**

3. Со влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за овластување за техничка служба УП I бр. 25-210 од 24.10.2013 година.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Универзитет „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје – МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ Скопје**, до Министерството за економија поднесе барање УП I бр. 25-210 од 18.12.2013 година со кое бара овластување за техничка служба.
Министерството за економија, постапувајќи по поднесеното барање изврши увид во доставената документација и одредбите од наведената законска регулатива во поднесеното барање, при што утврди дека:
1. Универзитет „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје – МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ Скопје, во инспекциските места: „Машински факултет – Скопје", „ВЕЛКОМ ТРЕЈД" ДООЕЛ Кавадарци и „ПСС" ДОО Радовиш, **ги исполнува условите** да врши стручни и технички работи во постапка на:
**а) единечно одобрување на возило од категориите L, M, N, O, T, C, R и S**, согласно:
- член 57 став (1) алинеја 3 и 4 од Законот за возила;
- член 2, член 5 став (2), член 9, член 11 став (1) и став (2), член 14 став (6) и член 15 став (1), став (3) точка (а) и (б) од Правилникот за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија" бр.16/10, 62/10, 105/10, 13/11, 39/11, 169/11, 185/11, 84/12, 132/12, 153/12, 59/13 и 138/13);
- Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата („Службен весник на Република Македонија" бр.21/10);

- Правилникот за одобрување на нови моторни и приклучни возила, системи, составни делови и самостојни технички единици наменети за таквите возила („Службен весник на Република Македонија“ бр.132/09 и 95/12);
- Техничките спецификации согласно одредбите на член 11 став (2) од Законот за возила;
**б) одобрување на преправени и поправени возила**, согласно:
- член 19 и член 54 од Законот за возила;
- Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/10);
- Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата („Службен весник на Република Македонија“ бр.21/10);
- Техничките спецификации согласно одредбите на член 11 став (2) од Законот за возила;
**в) одобрување на тип на возило – техничка служба од категорија А, Б и Д**, согласно:
- член 57 став (1) алинеја 3 и алинеја 4 и член 58 од Законот за возила;
- Правилникот за одобрување на нови моторни и приклучни возила, системи, составни делови и самостојни технички единици наменети за таквите возила („Службен весник на Република Македонија“ бр.132/09 и 95/12);
- Правилникот за одобрување на тип на моторни возила со две или три тркала („Службен весник на Република Македонија“ бр.131/09);
- Правилникот за одобрување на земјоделски и шумски трактори („Службен весник на Република Македонија“ бр.134/09 и 132/12);
- Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата;
- Техничките спецификации согласно одредбите на член 11 став (2) од Законот за возила;
**г) инспекција при утврдување на идентификациски ознаки на возила** (број на шасија и број на мотор), согласно:
- член 57 став (1) алинеја 5 од Законот за возила;
- Правилник за форма и содржина на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и форма и содржина на водење на евиденција за издадени одобренија и на начинот на постапката за обележување и поништување на идентификациските ознаки на шасијата и/или моторот на возилото („Службен весник на Република Македонија“ бр.101/13).

2. Универзитет „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ во Скопје – МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ Скопје, во инспекциското место „АВТОКОНТРОЛ“ ДООЕЛ Куманово, **ги исполнува сите услови** да врши стручни и технички работи во постапка на:
**а) единечно одобрување на возило од категориите L, M, N, O, T, C, R и S**, согласно:
- член 57 став (1) алинеја 3 и 4 од Законот за возила;
- член 2, став (1) од Правилникот за единечно одобрување на возило
- Техничките спецификации согласно одредбите на член 11 став (2) од Законот за возила;
**б) инспекција при утврдување на идентификациски ознаки на возила** (број на шасија и број на мотор), согласно:
- член 57 став (1) алинеја 5 од Законот за возила;
- Правилник за форма и содржина на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и форма и содржина на водење на евиденција за издадени одобренија и на начинот на постапката за обележување и поништување на идентификациските ознаки на шасијата и/или моторот на возилото („Службен весник на Република Македонија“ бр.101/13)

Кон барањето се поднесени следните документи:
- Предлог за овластување за вршење дејност - техничка служба од органот за одобрување – Биро за метрологија бр.1509-5681/2 од 13.12.2013 година;
- Сертификат за акредитација на инспекциско тело за моторни возила бр.ИТ-009 од 10 декември 2013 година, издаден од Институтот за акредитација на Република Македонија;
- Доказ за тековната состојба на правното лице од единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица, издаден од Централниот регистар на Република Македонија со деловоден бр.0805-10/46836/1 од 30.11.2013 година;

- Копии од обрасците М1/М2 за: проф д-р Ќосевски Милан, проф. д-р Данев Дарко, проф. д-р Јакимовски Славе проф. д-р Ѓурков Игор, проф д-р Јанчевски Јанко, доцент д-р Симоновски Петар, проф. д-р Гавриловски Виктор, проф. д-р Ташевски Ристо, дипл. инж Сидоренко Софија, асистент дипл. инж. Мицевска Јелена, асистент дипл. инж Костиќ Александар, асистент дипл инж. Аврамов Никола, асистент дипл. инж. Ризов Ташко, асистент дипл. инж Јакимовска Кристина, асистент дипл. инж. Мирчевски Иле, асистент дипл. инж. Јорданоска Васе, лаборант дипл. инж Соколов Михаил и лаборант дипл. инж. Камчевски Антонио;
- ПОЛИСА 6000960000002 за осигурување од ОДГОВОРНОСТ, со важност до 15. 10. 2014 година;
- Изјава за сопствен деловен простор бр.07-3800/3 од 18.12.2013 година од проф. д-р Атанас Кочов Декан на Машински факултет во Скопје и Список на опрема со која располага инспекциското тело;
-Договори за закуп на деловен простор и опрема за инспекциските места наведени во диспозитивот на ова решение;
- Извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех, издаден од Централен регистар на Република Македонија бр.08-6869/1 од 25.11.2013 година.

Врз основа напред изнесеното, а согласно член 56 став (1) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 95/05, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11 и 84/12) во износ од 2.000,00 денари е залепена на поднесокот и поништена.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение незадоволната странка може да поведе управен спор пред Управен суд во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

МИНИСТЕР,
Валон Саракини

| | |
|---|---|
| Изработил: | Пеце Андоноски |
| Проверил: | Лилјана Миноска |
| | Мира Блажевска |
| | Саша Шиндилоски |
| Контролирал: | Нериман Џеладини |
| Согласен : | Билјана Д. Стојановска |
| Одобрил: | Анче Трифунов |